# КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ И ОДГОВОРИ ЗА #КУПУВАМДОМАШНО

Појаснување за македонските производи и услуги за домашната платежна картичка и за прометот од македонски производи на кои се добива 20% поврат ДДВ

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

Со Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба, во член 1, став 5, предвидена е дефиниција за тоа што претставуваат македонски производи.

„Македонски производи“ се производи и стоки за финална потрошувачка произведени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија, освен алкохолни пијалаци, тутун и преработки на тутун.

Дополнително, во Правилникот за техничките и функционалните карактеристики на интегрираниот автоматски систем за управување, образецот на фискалната сметка, образец на фискално лого, документот касова сметка за сторна трансакција, формата и содржината на книгата за дневни финансиски извештаи, начинот за одобрување и продолжување на дозволата на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, начинот на одземање на дозволата за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, постапката и документацијата за нивно одобрување за производство и продажба, елементите на фискалната сметка, начинот на проверка и контрола на фискалните апарати и правилата за техничко одржување и сервисирање на истите, формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема и потребната документација во членот 2, точка 20 предвидена е дефиниција за прометот од македонски производи.

Промет од македонски производи е промет кој во фискалниот систем на опрема се евидентира како промет на добра на кои во декларацијата согласно Законот за заштита на потрошувачите е наведено дека се произведени на територијата на Република Северна Македонија, како и услугите извршени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија.

Сè со цел стимулирање на македонското производство и потрошувачка на домашните производи, како и борба против сивата економија со Уредбата со законска сила за примена на законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физички лица за време на вонредна состојба беше извршена промена на стапката на поврат на данокот на додадена вредност пресметан на прометот на македонски добра и услуги која од 15% се зголеми на 20% од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка и истото претставува дополнителен стимул за користење на апликацијата МОЈ ДДВ и поддршка на мерките за справување со COVID кризата.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

# 1. КОГА ЕДЕН ПРОИЗВОД МОЖЕ ДА СЕ СМЕТА ЗА ДОМАШЕН ПРОИЗВОД?

За целите на купување со домашната платежна картичка производ може да се смета како домашен – македонски производ, доколку се производи и стоки за финална потрошувачка произведени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија, освен алкохолни пијалаци, тутун и преработки на тутун.

За целите на искажување на прометот од македонските производи во фискалните сметки, производот може да се смета како домашен-македонски производ, доколку на неговата декларација согласно Законот за заштита на потрошувачите е наведено дека е произведен на територијата на Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

## 2. КАКО СЕ ДОКАЖУВА ДЕКА ЕДЕН ПРОИЗВОД Е МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОД, ПРОИЗВЕДЕН ОД ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА ВРШИТЕЛИ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ, РЕЗИДЕНТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

Докажувањето се врши на начин, што на производот на неговата амбалажа мора да се содржат податоци за името на производителот, со негово име и адреса, што во секој случај треба да биде град или населено место во Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

## 3. ШТО ТРЕБА ДА БИДЕ НАПИШАНО НА АМБАЛАЖАТА ИЛИ ПАКУВАЊЕТО НА ПРОИЗВОДОТ ЗА ДА МОЖЕ ДА СЕ СМЕТА КАКО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД?

Производ или стока ќе се смета како домашен-македонски производ, доколку на амбалажата или пакувањето пишува „Произведено во Македонија“ или „Made in Macedonia“ или „Произведено во Република Северна Македонија“ или „Made in North Macedonia“.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

# 4. ДАЛИ МОЖЕ ЕДЕН ПРОИЗВОД КОЈ Е СПАКУВАН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДА СЕ СМЕТА ЗА МАКЕДОНСКИ – ДОМАШЕН ПРОИЗВОД?

Доколку правно или физичко лице вршител на стопанска дејност во Република Северна Македонија пакува одредени странски стоки, на пример (лешници, бадеми, риба, суви сливи) на начин што се врши одредена механичка обработка, како на пример, распакување, проверка, калибрирање, мерење и пакување, тогаш тој производ може да се смета како домашен производ.

На неговата амбалажа или пакување треба да стои „Произведено во Македонија“ или „Произведено во Република Северна Македонија“, со истовремена означување на земјата на потекло, согласно законските одредби за заштита на потрошувачите.

## 5. ДАЛИ МОЖЕ ПРОИЗВОД ПАКУВАН И ПРОИЗВЕДЕН ВО СТРАНСТВО ЗА ОДРЕДЕН МАКЕДОНСКИ БРЕНД ИЛИ ЛАНЕЦ НА СУПЕРМАРКЕТИ ДА СЕ СМЕТА ЗА ДОМАШЕН – МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОД?

Не, таков производ **не** се смета за македонски производ.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

## 6. ДАЛИ СТРАНСКИ СТОКИ, ШТО СЕ САМО ИЗМЕРЕНИ ЗАРАДИ НИВНО ПАЗАРЕЊЕ ВО ДОМАШНИ МАРКЕТИ МОЖЕ ДА СЕ СМЕТААТ ЗА ДОМАШНИ-МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ?

Не, такви стоки **не** се сметаат за македонски стоки.

## 7. ДАЛИ ПРОИЗВОД ИЛИ СТОКА, КАДЕ НЕМА ОЗНАКА ДЕКА СЕ „ПРОИЗВЕДЕНО ВО МАКЕДОНИЈА“ ИЛИ „MADE IN MACEDONIA“ ИЛИ „ПРОИЗВЕДЕНО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ИЛИ „MADE IN NORTH MACEDONIA“ МОЖАТ ДА СЕ СМЕТААТ ЗА МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ?

Не, тие производи ќе се сметаат за странски стоки и производи.

# 8. КАКО МОЖЕ ДА СЕ ДОКАЖЕ ДЕКА ОВОШЈЕТО И ЗЕЛЕНЧУКОТ СЕ ДОМАШНИ МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ?

Доколку овошјето и зеленчукот се продаваат неспакувано (во гајби, корпи) во маркетите, докажувањето дека се домашни се врши преку јасно одбележување на земјата на потекло на името и цената на овошјето и зеленчукот што се продава.

Истиот податок треба да биде искажан и на фискалната сметка во името на производот и шифрата на производот, каде треба да стои „јаболко – македонско“, „пиперки – македонски“, согласно законските прописи за безбедност на производи и заштита на потрошувачите.

Истиот принцип треба да се применува и за одредени неспакувани млечни производи (како на пример, сирење, урда и слатководна риба).

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

## 9. ДАЛИ ПЕКАРСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ШТО СЕ ПЕЧАТ ВО МАРКЕТИТЕ И СЛАТКИТЕ ШТО СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ И ПРОДАВААТ ВО МАРКЕТИТЕ СЕ ДОМАШНИ-МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ?

Да, доколку пекарските производи и слатките се продаваат неспакувано во маркетите, докажувањето дека се домашни се врши преку јасно одбележување на земјата на потекло на името и цената на производот што се продава.

## 10. ДАЛИ КНИГИТЕ ШТО СЕ ПРОДАВААТ ВО КНИЖАРНИЦИТЕ ИЛИ ВО МАРКЕТИТЕ СЕ ДОМАШНИ-МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ?

Да, доколку на истите е наведена печатница со име и адреса, што во секој случај треба да биде град или населено место во Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

## 12. ДАЛИ СВЕЖОТО МЕСО ШТО СЕ ПРОДАВА ВО МАРКЕТИТЕ Е ДОМАШЕН-МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОД?

Да, доколку маркетот го купува свежото месо од домашна кланица и истото се продава на мерење во маркетите, докажувањето дека е домашно се врши преку јасно одбележување на земјата на потекло на името и цената на месото што се продава.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

## 13. ДАЛИ ПРОИЗВОДИТЕ ОД МЕЛЕНО МЕСО (ЌЕБАПИ, ПЛЕСКАВИЦИ, ДОМАШНИ КОБАСИЦИ) ШТО СЕ ПРИГОТВУВААТ ОД СВЕЖО МЕСО И СЕ ПРОДАВААТ ВО МАРКЕТИТЕ СЕ ДОМАШНИ-МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ?

Да, таков производ се смета за домашен производ.

# 14. ДАЛИ МОЖЕ НЕКОИ ПРОИЗВОДИ ОД ИСТИ ПРОИЗВОДИТЕЛ ДА СЕ МАКЕДОНСКИ, А НЕКОИ НЕ?

Да, може – долку истата компанија има повеќе производи може некои од производите да ги произведува на територијата на Република Северна Македонија, а некои може да ги произведува во друга земја и согласно тоа вториот да не е домашен производ иако е истата компанија и/или истиот бренд.



КУПУВАМ ДОМАШНО

## 15.КОГА ЕДНА УСЛУГА МОЖЕ ДА СЕ СМЕТА ЗА ДОМАШНА-МАКЕДОНСКА УСЛУГА?

Услугата може да се смета за домашна-македонска, доколку е извршена од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија (пример: услуги во ресторани, пекари, салони за убавина и тн.)

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО

# 16. ДАЛИ ХРАНАТА КОЈА ШТО Е ПОСЛУЖЕНА ВО РЕСТОРАН ИЛИ КАФЕТО КОЕ ШТО Е ПОСЛУЖЕНО ВО РЕСТОРАН/КАФЕ-БАР СЕ СМЕТА ЗА ДОМАШНА-МАКЕДОНСКА УСЛУГА?

Да, таквата услуга се смета за домашна-македонска услуга.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

КУПУВАМ ДОМАШНО